Врз основа на член 62 став (1) од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02) а во врска со член 98 од Статутот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.2/06, 14/12, 10/13, 14/13 и 12/14) и член 151 став (2) од Деловникот на Советот на Општина ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.4/06 и 12/13), Советот на Општина Гази Баба на Дванаесеттата седница одржана на ден 16.07.2018 година, донесе

# П Р А В И Л А

## ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРАВИЛАТА ЗА РАБОТА НА УРБАНИТЕ И МЕСНИТЕ ЗАЕДНИЦИ НА ПОДРАЧЈЕТО НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА

**Член 1**

Во Правилата за работа на урбаните и месните заедници на подрачјето на Општина Гази Баба, бр.09-1937/4 од 07.05.2018 година ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.8/18), член 10 став (1) се менува и гласи:

"Предлог на кандидат за член на Советот може да поднесе секој граѓанин од подрачјето на обликот на месната самоуправа, кој има избирачко право, најдоцна 5 (пет) дена пред денот определен за гласањето, согласно одлуката за распишување на избори, во писмена форма."

**Член 2**

Член 12 се менува и гласи:

"За кандидат за член на советот на обликот на месната самоуправа, може да се пријави секој граѓанин од подрачјето на урбаната односно месната заедница, кој има избирачко право."

**Член 3**

Член 14 став (1) се менува и гласи:

"Пријавувањето за кандидати за членови на советот на обликот на месната самоуправа се врши на определени неработни денови.

По став (1) се додава нов став (2) кој гласи:

"Гласањето за членови на советот на обликот на месната самоуправа се врши на определени неработни денови за гласање, во период од 17 до 20 часот."

**Член 4**

Овие правила влегуваат во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

**Број 09-3094/10**
**од 16.07.2018 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Тони Бојковски**